Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп
ПРИМЕНО: 12.08.2024
Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн.
03 227/1

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
## Ип 1 бр. 57-64
## Датум: 07.08.2024 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа- Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Прилеп | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „Александар Македонски" бр. 142 – Прилеп | |
| Адреса за е-пошта | muzejprilep@yahoo.com | |
| Телефон | 048/401-090 | |
| Матичен број на субјектот | 4016050 | |
| Даночен број на субјектот | 4021981111208 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 180100915660319 | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ | |
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: Горанчо Цветкоски, директор | 075 433 613 | goranco.cvetkoski@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 30.07.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 09.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 05.08.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.30 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа- Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Прилеп | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители (шифра 91.03) | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Александар Македонски" бр. 142 – Прилеп | | |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Наредбата ИП1 бр. 57-64 од 25.07.2024 г., издадена од министерот за култура и туризам

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам на РСМ **(во натамошниот текст: СУИН на МКТ)**.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е работењето на субјектот на инспекцискиот надзор Националната установа- Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Прилеп **(во натамошниот текст: Завод)**, од аспект на примена на одредбите од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) **(во натамошниот текст: ЗК)** во работењето на Заводот, како и наменското користење на одобрените и преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ, за реализација на годишната програма за работа на Заводот за 2023 година.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Горанчо Цветкоски, директор | 075 433 613 | goranco.cvetkoski@gmail.com |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа и лицата:

| Р.бр | Име и презиме/својство | Телефон/ е-пошта |
|---|---|---|
| 1. | Елена Макреска, помлад соработник сметководител | 075 686 292 / elenamuzejprilep@gmail.com |
| 2. | Ангела Аческа, виш соработник за општи, адимистративни и правни работи | 078 412 055 / angelapuzde@gmail.com |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

Со Решение на министерот за култура бр. 44-7603/2 од 29.06.2022 г., за в.д. директор на Заводот е именуван Горанчо Цветкоски од редот на вработените, со мандат до изборот на директор, а најдолго за 6 месеци.

10.1 - Согласно со член 29 став (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата, по пат на јавен оглас, со Решение на министерот за култура бр. 44-11444/2 од 21.12.2023 г., Горанчо Цветкоски е избран за директор на Заводот, со мандат од 4 години. Претходно, со решенија на министерот за култура бр. 44-7603/2 од 29.06.2022 г., бр. 44-131555/1 од 27.12.2022 г. и бр. 44-6545/1 од 22.06.2023 г., Горанчо Цветкоски бил именуван за в.д. директор на Заводот од редот на вработените.

- Во Заводот, во примена е Статутот бр. 01-64/1 од 13.1.2016 г., како и измените и дополнувањата бр. 02-124/1 од 30.01.2018 г., бр. 02-878/1 од 15.07.2019 г., бр. 02-1282/1 од 21.11.2019 г., донесени од страна на Управниот одбор согласно со член 36 став (1) точка 1 од ЗК („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а за коишто согласно со член 25 став (2) од истиот Закон, е дадена потребната согласност од министерот за култура.

- Во Заводот во примена е Правилникот за внатрешна организација бр. 01-539/1 од 09.07.2020 г. и Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-538/1 од 09.07.2020 г., донесени од страна на директорот, а за коишто е добиена потребната согласност од Министерството за информатичко општество и администрација бр. 12/6-457/4 од 21.07.2020 г. и бр. 12/6-457/6 од 15.09.2020 година.

– Согласно со обврската од членот 31-б став (1) од Законот за културата, Заводот до МК има доставено извештај за финансиското работење и за остварување на годишната програма за работа установата за периодот 01.01.2023-30.06.2023 г., бр. 01-211/19 од 25.07.2023 г. и извештај за финансиското работење и за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 01.07.2023-31.12.2023 г., бр. 01-56/1 од 13.02.2024 година.

- Согласно со обврската од членот 70-б став (2) од Законот за културата, националните установи во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до МК за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, при надзорот утврдено е дека Заводот до МК


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

доставил годишни извештаи по дејности, бр. 01-83/1, 01-83/2 и 01-83/3, сите од 28.02.2024 година.

- Согласно обврската од член 70 став (1) од Законот за културата, Заводот до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2023 година под бр. 01-216/2 од 29.06.2022 г., а за којашто од страна на УО има дадено согласност, бр. 02-200/3 од 29.06.2022 г., што е обврска од член 36 став (1) т. 3 од Законот за културата. Исто така, Заводот до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2024 година под бр. 01-176/2 од 29.06.2022 г., а за којашто од страна на УО има дадено согласност, бр. 02-193/3 од 29.06.2023 година.

- Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањата на решенијата на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека по доставувањето на решението на министерот за култура за проектите од национален интерес во културата, Заводот донел Годишна програма за работа за 2023 г., бр. 01-86/6 од 24.03.2023 г., по претходна согласност од УО, со Одлука бр. 02-107/3 од 23.03.2023 година. Исто така, по доставувањето на решението на министерот за култура за проектите од национален интерес во културата, Заводот донел Годишна програма за работа за 2024 г., бр. 01-80/1 од 27.02.2024 г., по претходна согласност од УО, со Одлука бр. 02-76/4 од 26.02.2024 година.

10.2. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р.С. Македонија

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, во текот на 2023 г. финансирана е дејноста на Заводот со средства во вкупен износ од **30.446.025** денари.

Според годишните договори за 2023 г. и финансиската документација во Заводот, средствата во вкупен износ од **30.447.629** денари се преведени за следните намени:

- **плати, придонеси од плати и К15 — 22.867.138 денари**
- **програмски активности — 5.477.960 денари**
- **материјални трошоци — 420.000 денари**
- **електрична енергија — 840.068 денари**
- **комунални трошоци — 136.009денари**
- **исплата на парична помош — 34.925 денари**
- **исплата на трошоци по основ на судско порамнување — 671.529 денари**

Според Банковиот извод бр. 62 од 27.12.2023 г., салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Заводот изнесувало 24.993денари (23.509 денари од заштита на недвижното културно наследство, 621 денар од музејската дејност, 204 денари од библиотечна дејност и 659 денари од средствата за плати и придонеси) коишто на 31.12.2023 г. се вратени во Буџетот на Р.С. Македонија.

Преведените средства, според годишните договори, биле наменети за реализација на проекти од следните дејности:

| Р.бр. | Програма | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | 50 – Заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизиелните добра | 6.550.491 | -4.447.960 д. за проекти и 2.102.531 д. за материјални трошоци, електрична енергија, комунални трошоци, трошоци за судско порамнување и за парична помош |
| 2. | 80 – Музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство | 980.000 | |
| 3. | 20 – Библиотечна дејност | 50.000 | |
| | **Вкупно:** | **7.580.491 денари** | |

**<u>50–Заштита на недвижното културно наследство</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Заводот за 2023 г. од областа на заштита на недвижното културно наследство, бр. 32-2061/1 од 03.03.2023 г. и анекс договорите бр. 32-2061/46 од 27.09.2023 г. и бр. 32-2061/76 од 28.12.2023 г., од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, на Заводот му се одобрени и преведени средства во износ од **6.550.491** денар, од кои **4.447.960** денари за проекти и **2.102.531** денари за материјални трошоци, електрична енергија, комунални услуги, материјали за греење, парична помош и трошоци по основ на судско порамнување.

Проектите од областа на заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизиелните добра се прикажани во следниот табеларен преглед:

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
**и туризам**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
**dhe e Turizmit**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

| Р.бр. | Назив на проект | Одобрени преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на конзерваторски проект и негова реализација:Партерно уредување и оградување на дел од заштитниот простор на Споменикот,,Илинден“ со детали на урбана опрема и хортикултурно уредување (Македониум) во Крушево | 60.000 | 60.105 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 2 договора за надворешни соработници (25.555 д.), 2 договора за исплата на теренски додаток (10.000 д.), ф-ра за изработка на подлога (8.568 д.), фактура за гориво (4.000 д.) и ф-ра за канцелариски материјал (2.982 д.)<br>- Платено по банковни изводи 12 од 09.05.2023 г., 15 од 30.05.2023 г., 20 од 20.06.2023 г., 29 од 19.07.2023 г. и 43 од 06.10.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |
| 2. | Заштита и одржување на конзервирани објекти во периодот од 2012-2018 година, Жртвеник Бедем-Стибера,објекти од сектор Гимназион и сектор храм,локалитет Стибера,с.Чепигово | 30.000 | 30.625 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 3 договора за ангажирање на работници (13.333 д.), договор за исплата на теренски додаток (10.000 д.), фактура за гориво (4.000 д.) и 2 ф-ри за потрошен материјал (3.290 д.)<br>- Платено по банковни изводи 12 од 09.05.2023 г., 16 од 31.05.2023 г., 17 од 06.06.2023 г. и 24 од 06.07.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |
| 3. | Изработка на елаборат,за Валоризација на археолошкиот локалитет Врбјанска Чука кај село Славеј Прилепско | 30.000 | 29.363 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 2 договора за теренски додаток (12.000 д.), како и фактури за набавка гориво (2.500 д.), за потрошен материхјал (3.725 д.), за канцелариски материјал (6.968 д.) и за скица-елаборат од Катастар.<br>- Платено по банковни изводи 9 од 25.04.2023 г., 10 од 27.04.2023 г., 15 од 30.05.2023 г.,39 од 19.09.2023 г. и 42 од 05.10.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |
| 4. | Валоризација на | 30.000 | 28.997 | **Проектот е реализиран** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 09.05.2023 г., 15 од 30.05.2023 г. и 29 од 19.07.2023 г.<br>-Исплатени 2.000 д. повеќе од евиденцијата за теренски додаток |
| 5. | Реализација на Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул.Коча Миленку бр.15 во Крушево, КП 5860, КО Крушево | 731.289 | 731.289 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по Прва времена ситуација од „Ибо под“ ДООЕЛ, Прилеп (725.089 д.) и фактура за оглас (6.200 д.)<br>- Платено по банковни изводи 29 од 19.07.2023 г., 58 од 20.12.2023 г. и 60 од 25.12.2023 г. |
| 6. | Тековно одржување и изработка на проект за санација, реставрација и конзервација на Могилата на непобедените | 500.000 | 499.903 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по Фактура-Прва времена ситуација од „Изофас“ ДОО, Прилеп<br>- Платено по Банковен извод 42 од 05.10.2023 г. |
| 7. | Непосредна заштита – изработка на Елаборат за ревалоризација на куќа на ул.Коча Миленку бр.3 Крушево, КП 5931, КО Крушево | 30.000 | 29.972 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 3 договори за исплата на теренски додаток (20.000 д.) , 2 фактури за гориво (6.000 д.) 2 фактури за канцелариски материјали (5.972 д.)<br>- Платено по банковни изводи 12 од 09.05.2023 г., 15 од 30.05.2023 г. и 47 од 31.10.2023 г. |
| 8. | Тековно одржување на спомен обележје „Песјобрдце“ посветен на загинатите борци за конечното ослободување на Прилеп од фашистичкиот окупатор со замена на оштетените елементи од мермер од постаментот и пристапните скали | 50.000 | 49.997 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по Фактура од „Изофас“ ДОО, Прилеп<br>- Платено по Банковен извод 48 од 08.11.2023 г. |
| 9. | Изработка на Основниот проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата„Успение на Пресвета Богородица“ од манастирот Трескавец, во | 1.703.231 | 1.703.231 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 2 фактури од ИЗИИС, Скопје за геотехнички и др. испитувања и анализа (1.137.520 д.), договори со надворешни соработници (481.111 д.), договор за теренски додаток (60.000 денари), фактура за гориво (15.000 д.), ф-ра за оглас (9.600 д.). |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | чии рамки влегува изработка на Основен проект за санација и конструктивна консолидација; добро во опасност | | | - Платено по банковни изводи 29 од 19.07.2023 г., 33 од 16.08.2023 г., 50 од 10.11.2023 г., 52 од 16.11.2023 г. и 60 од 25.12.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |
| 10. | Изведба на привремен пристапен пат до манастирскиот комплекс Трескавец, од јужна страна, а заради изведба на хидрогеолошки и истражни работи за потребите на проектот | 1.012.440 | 1.008.900 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по Прва времена ситуација од ДППТУ „Макаус" Благоја ДООЕЛ, Скопје<br>- Платено по Банковен извод 61 од 26.12.2023 г. |
| 11. | Проект за конзервација и реставрација на иконостасот во црквата „Св.Благовештение" Прилеп | 250.000 | 249.886 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 9 фактури за материјали (50.775 д.), договори со надворешни соработници (51.111 д.), договори за теренски додаток (142.000 денари) , фактура за гориво (6.000 д.), ф-ра за оглас (9.600 д.).<br>- Платено по банковни изводи 29 од 19.07.2023 г., 33 од 16.08.2023 г., 50 од 10.11.2023 г. 52 од 16.11.2023 г. и 60 од 25.12.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |
| 12. | Итни мерки за заштита на куќата на ул. Коча Миленку бр.29 во Крушево Исплатени од Програма 58 (Културно наследство во опасност) | 21.000 | - | **Проектот не е реализиран**<br>-средствата се вратени во Буџетот на РСМ на 31.12.2023 г. |
| **Вкупно:** | | **4.447.960 денари** | **4.422.268 денари** | - **23.509 денари се вратени во Буџет**<br>- **481 денар се прелеани за исплата по основ на судско порамување (415 д.) и за материјални трошоци (66 денари)** |

При надзорот е утврдено дека од Годишна програма за работа на Установата за 2023 г., бр. 01-86/6 од 24.03.2023 г., во делот на заштита на недвижното културно наследство, не е реализиран проектот „Основен проект за санација на Музејот на НОВ во Крушево", додека проектите „Реализација на Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. Коча Миленку бр. 15 во Крушево, КП


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

5860, КО Крушево“ и „Изработка на Основниот проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата Успение на Пресвета Богородица од манастирот Трескавец, во чии рамки влегува изработка на Основен проект за санација и конструктивна консолидација; добро во опасност“ се реализирани само делумно (со напомена дека, со Анекс-договорот бр. 28-2061/76 од 28.12.2023 г. овие промени се прифатени од страна на МК).

Според изјавата на директорот Горанчо Цветкоски, Основниот проект за санација на Музејот на НОВ во Крушево не е реализиран затоа што на трите објавени тендери за избор на економски оператор, не се јавил ниту еден правен субјект. Проектот за реставрација на куќа на ул. Коча Миленку бр. 15 во Крушево, не е реализиран целосно затоа што од страна на Заводот е раскинат договорот со изведувачот, од причини што од страна на стручни лица било констатирано дека работите не се реализирааат согласно со тендерската документација. Додека, за проектот за реставрација на архитектурата на црквата Успение на Пресвета Богородица од манастирот Трескавец, на објавениот тендер за изработка на проект за дренажен канал за собирање на влага, минатата година не се пријавил ниту еден економски оператор (забелешка: успешен тендер е спроведен дури на крајот на јули 2024 г.).

Исто така, не е реализиран проектот Итни мерки за заштита на куќата на ул. Коча Миленку бр. 29 во Крушево (Културно наследство во опасност, програма 58). Според изјавата на директорот, проектот не е реализиран затоа што со Решение на Управата за заштита на културното наследство, УП.бр. 18-1154 од 19.12.2023 г. е констатирано дека за реализација на проектот се потребни повеќе средства и дека мерките за заштита ќе се извршат од страна на Заводот од денот на одобрување на средства во износ од 805.159 денари.

При надзорот, од страна на инспекторот му е укажано на присутното лице Горанчо Цветковски дека, согласно со ЗК, обврска на директорот е остварување на годишната програма за работа на установата.

**- Материјални трошоци, електрична енергија, комунални услуги, парична помош и трошоци по основ на судско порамнување**

Реализацијата на средствата според намени е прикажано во следниот табеларен преглед:


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| Р. бр | Намена | Одобрени и преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Електрична енергија - конто 421 | 840.068 | 840.666 | -Платено по повеќе фактури од ЕВН Хоме ДОО-Скопје и повеќе банковни изводи |
| 2. | Комунални трошоци (вода и ѓубрарина) -конто 421 | 136.009 | 135.411 | - Платено по повеќе фактури од ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп за потрошена вода (23.787 денари) и од ЈКП „Комуналец"-Прилеп за ѓубрарина (111.624 д.) и повеќе банковни изводи |
| 3. | Материјални трошоци за реализација на Програмата | 420.000 | 420.066 | - Средствата се реализирани за трошоци за канцелариски материјал, телефон, пошта, огласи во весници, разни матријали, одржување на возило, печатење, одржување на објекти и сл. -Платено по повеќе банковни изводи |
| 4. | Исплата на парична помош | 34.925 | 34.925 | - Исплатена е парична помош за смрт на татко на еден вработен - Платено по Банковен извод |
| 5. | Исплата на трошоци на име на тужителот Цветан Цветковски од Прилеп, по основ на судско порамнување со Записник бр. РО- 343/22 од 3.10.2023 г. пред Основен суд –Прилеп | 660.485 | 660.900 | - Платено по повеќе банковни изводи |
| 6. | Исплата на трошоци на име на тужителот Цветан Цветковски ( доплата на финансиски средства за оддржана расправа по барање бр.05-258/5 од 0.11.2023г.) | 11.044 | 11.044 | - Платено по Банковен извод |
| | **Вкупно:** | **2.102.531 денари** | **2.103.012 денари** | **- 481 денар се прелеани од конто 464** |



Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

**80 – Музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство**

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Заводот за 2023 г. од областа на музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство, бр. 31-1963/1 од 02.03.2023 г., на Заводот му се одобрени и преведени средства во износ од **980.000** денари.

Проектите од музејската дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени и преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Хепенинг „New Event - tention“ | 100.000 | 99.938 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по фактури за превоз на ученици (18.900 д.), гориво (7.000 д.), канцелариски материјал (5.965 д.), храна и пијалоци (15.180 д.), договори со надворешни соработници (28.893 д.), договор со 2 вработени за теренски додаток (24.000 денари)<br>- Платено по банковни изводи 9 од 25.04.2023 г., 13 од 12.05.2023 г., 15 од 30.05.2023 г., 17 од 06.06.2023 г. и 21 од 21.06.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |
| 2. | Училиштата во музеите или музејот во училиштата | 50.000 | 49.923 | - Трошоци по фактура за печатење (7.410 д.), материјали за работа (5.049 д.), договори со надворешен соработник (2.222 д.), договор со 3 вработени за теренски додаток ( 27.000 денари), 2 фактури за превоз на патници на релација Прилеп-Долнени –Прилеп на 22. И на 25.05.2023 г. (8.000 д.)<br>- Платено по банковни изводи 11 од 05.05.2023 г., 15 од 30.05.2023 г. и 21 од 21.06.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |
| 3. | Уметноста во служба на убавото и корисното - Инклузивни Музеи | 100.000 | 99.188 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 2 фактури за печатење и копирање (5.260 д.), материјали за работа (26.250 д.), 2 фактури за храна и пијалаци за учесници (11.456 д.) договор |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | со надворешен соработник (22.222 д.), договор со 3 вработени за теренски додаток ( 34.000 денари)<br>- Платено по банковни изводи 10 од 27.04.2023 г., 11 од 05.05.2023 г., 13 од 12.05.2023 г., 17 од 06.06.2023 г. и 21 од 21.06.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |
| 4. | АЛИ ФЕТИ ОКЈАР-СОМИСЛИТЕЛ И СОРАБОТНИК НА АТАТУРК (истражување и изложба по повод - 80 години од смртта на Али Фети Оскјар 85 години од смртта на Мустафа Кемал Ататурк 100 години од прогласувањето на Турција за Република) | 150.000 | 150.481 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 3 фактури за печатење и фотокопирање (76.960 д.), 2 фактури за гориво (15.000 д.), 2 фактури за угостителски услуги (5.356 д.), цип запис (600 д.), договор со надворешен соработник (19.565 д.), договор со 2 вработени за теренски додаток ( 23.000 денари),<br>- Платено по банковни изводи 9 од 25.04.2023 г., 13 од 12.05.2023 г., 17 од 06.06.2023 г., 50 од 10.11.2023 г., 52 од 16.11.2023 г. и од 01.12.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |
| 5. | Геоскенирање на просторни целини во рамките на секторот „Храм тихе“ на археолошкиот локалитети Бадем - Стибера,Село Чепиково | 150.000 | 149.994 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по фактура за георадар (21.000 д.), гориво (20.000 д.), 2 фактури за канцелариски материјали (11.948 д.), потрошен материјал (3.044 д.), договори со надворешни соработници (70.002 д.), договор со вработен за теренски додаток (24.000 денари)<br>- Платено по банковни изводи 9 од 25.04.2023 г., 13 од 12.05.2023 г.,14 од 16.05.2023 г., 15 од 30.05.2023 г, 49 од 9.11.2023 г. и 52 од 16.11.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |
| 6. | Изработка на Основен проект за конзервација и реставрација на предмети од камена пластика од збирка на епиграфски споменици и камена пластика на НУ Завод и Музеј-Прилеп. | 50.000 | 49.775 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 2 фактури за печатење (4.998 д.), 2 фактури за гориво (7.000 д.), материјали за работа (5.049 д.), договори со 4 надворешни соработници (37.777 д.)<br>- Платено по банковни изводи 9 од 25.04.2023 г., 13 од 12.05.2023 г., 17 од 06.06.2023 г., 50 од 10.11.2023 г., 52 од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 16.11.2023 г. и од 01.12.2023 г. |
| 7. | Реевиденција на регистрираните икони како споменици на културата,библиографски материјали,живопис и архитектура на црквите и манстирите на територијата на Општина Крушево | 30.000 | 30.567 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по фактура за гориво (8.000 д.), канцелариски материјал (4.994 д.), 4 фактури за потрошен материјал (3.573 д.), договор со 2 вработени за теренски додаток ( 14.000 денари)<br>- Платено по банковни изводи 9 од 25.04.2023 г., 11 од 05.05.2023 г., 12 од 09.05.2023 г., 13 од 12.05.2023 г. и 21 од 21.06.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток<br>-Исплатени 2.000 д. повеќе од договорот за теренски додаток |
| 8. | „Мариовските народни носии - сега и овде“ | 50.000 | 49.682 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по фактура за печатење (7.410 д.), материјали за работа (5.049 д.), договори со надворешен соработник (2.222 д.), договор со 3 вработени за теренски додаток ( 27.000 денари), 2 фактури за превоз на патници на релација Прилеп-Долнени –Прилеп на 22. И на 25.05.2023 г. (8.000 д.)<br>- Платено по банковни изводи 11 од 05.05.2023 г., 15 од 30.05.2023 г. и 21 од 21.06.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |
| 9. | Осовременување и обогатување на постојана поставка на Музејот на тутун | 300.000 | 299.827 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договор со надворешен соработник (106.382 д.), договор со вработен за теренски додаток ( 14.000 денари), сијалици и лед цевки (28.013 д.), 2 фактури за печатење, хартија и др. (64.330 д.), откуп на експонати (26.422 д.),гориво (15.000 д.), разни материјали за работа (45.680 д.)<br>- Платено по банковни изводи 9 од 25.04.2023 г., 11 од 05.05.2023 г., 13 од 12.05.2023 г., 16 од 31.05.2023 г., 35 од 01.09.2023 г., 38 од 15.09.2023 г., 46 од 24.10.2023 г. и 52 од 16.11.2023 г.<br>- Нема евиденција за теренски додаток |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Вкупно: | 980.000 денари | 979.379 денари | - 621 денар се вратени во Буџетот на РСМ |

При надзорот е утврдено дека при реализацијата на 13 проекти од заштитата на недвижното културно наследство и од музејската дејност, Заводот исплатил надоместоци за теренски додаток на вработени, само врз основа на решенија за формирање на стручен тим и договори за исплата на теренски додаток во вкупен износ, без соодветна евиденција во којашто ќе се наведат датумот, деновите и часовите во коишто работникот бил упатен на терен (таква евиденција е приложена при реализацијата само на два проекта од заштитата на недвижното културно наследство).

Имено, согласно со член 76 од Колективниот договор за културата (Сл. Весник на РСМ бр. 10/20), „работникот, врз основа на решение со кое се упатува за работа на терен, во најмалку три последователни денови, има право на надомест за теренски додаток. Износот на теренски додаток за еден ден теренска работа е во висина од 10% од просечната месечна плата во РМ, според последните објавени податоци на Државниот завод за статистика“. Од аспект на водење на веродостојна сметководствена документација, буџетските корисници се должни да изготват точна пресметка за утврдениот износ на исплатениот додаток, при што е потребно прецизно да се наведат датумот, деновите и часовите во коишто работникот бил упатен на терен како и пресметаниот износ на дневен надомест за теренски додаток.

<u>**20 – Библиотечна дејност**</u>

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Заводот за 2023 г. од областа библиотечната дејност, бр. 30-12949/1 од 02.03.2023 г., и анекдс-договорите бр. 30-12949/4 од 07.04.2023 г. и бр. 30-12949/12 од 28.12.2023 г., од Буџетот на Р. С. Македонија, преку МК, на Заводот му се одобрени средства во износ од **50.000** денари.

Проектите од библиотечната дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени и преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка на домашни и странски публикации | 25.500 | 25.310 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по 7 фактури за набавка на книги и публикации.<br>- Платено по банковни изводи 10 од 27.04.2023 г., 12 од 12.05.2023 г., 13 од 12.05.2023 г., 17 од 06.06.2023 г. и 21 од 21.06.2023 г. |
| 2. | Евиденција на приватни збирки | 20.000 | 19.796 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по фактури за јавен повик во медиуми (13.796 д.), гориво (2.000 д.) и за набавка на надворешен хард диск (4.000 д.).<br>- Платено по банковни изводи 21 од 21.06.2023 г., 35 од 01.09.2023 г., 39 од 19.09.2023 г., 40 од 27.09.2023 г. 41 од 02.10.2023 г. и 47 од 31.10.2023 г. |
| 3. | Стручно усовршување на кадри од областа на библиотечната дејност | 4.500 | 4.500 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по фактура за стручно усовршување (3.500 д.) и патни трошоци (1.000)<br>- Платено по Банковен извод 17 од 06.06.2023 г. |
| | **Вкупно:** | **50.000 денари** | **49.976 денари** | **- 204 денари се вратени во Буџетот на РСМ** |

**- Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**

**1. Заводот ја реализирал годишната програма за работа на установата за 2023 година, освен проектите „Основен проект за санација на Музејот на НОВ во Крушево“ и „Итни мерки за заштита на куќата на ул. Коча Миленку бр. 29 во Крушево“, додека проектите „Реализација на Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. Коча Миленку бр. 15 во Крушево, КП 5860, КО Крушево“ и „Изработка на Основниот проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата Успение на Пресвета Богородица од манастирот Трескавец, во чии рамки влегува изработка на Основен проект за санација и конструктивна**


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

консолидација; добро во опасност“ се реализирани само делумно (со напомена дека, со Анекс-договор овие промени се прифатени од страна на МК). При надзорот, од страна на инспекторот му е укажано на присутното лице Горанчо Цветкоски дека, согласно со ЗК, обврска на директорот е остварување на годишната програма за работа на установата. Инаку, преведените средства за реализација на проектите од Годишната програма за работа на Заводот се потрошени наменски.

2. Заводот има постапено согласно со одредбите од Законот за културата во однос на доставување на полугодишни извештаи за реализација на годишната програма за работа на установата за 2023 година, како и на нацрт-годишните програми за работа на установата за 2023 и 2024 година.

3. Во врска со обврската од член 70 став (7) од ЗК, директорот на установата ги донел годишните програми за работа на националната установа за 2023 и 2024 година, а согласно со обврската од членот 70-б став (2) од ЗК, Заводот до МК доставил извештаи за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, по дејности.

4. При надзорот е утврдено дека при реализацијата на 13 проекти од заштитата на недвижното културно наследство и од музејската дејност, Заводот исплатил надоместоци за теренски додаток на вработени, само врз основа на решенија за формирање на стручен тим и договори за исплата на теренски додаток во вкупен износ, без соодветна евиденција во којашто ќе се наведат датумот, деновите и часовите во коишто работникот бил упатен на терен (таква евиденција е приложена при реализацијата само на два проекта од заштитата на недвижното културно наследство), што е неопходно од аспект на водење на веродостојна сметководствена документација кај буџетските корисници.

- Оттука, согласно со член 85 т. 1 од ЗК, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од ЗИН, ќе биде донесено решение со опомена за отстранување на неправилноста од точка 4., односно, исплатата на надоместокот за теренски додаток на вработените, задолжително да биде поткрепена со евиденција во којашто ќе се наведат датумот, деновите и часовите во коишто работникот бил упатен на терен.

Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: Горанчо Цветкоски, директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
|---|---|---|---|
| Датум: | 12.08.2024 г. | Датум: | 07.08.2024 г. |




Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

